# Повелба од Бангкок за унапредување на здравјето во глобализираниот свет

**Вовед**

---

**Опфат**

Повелбата од Бангкок ги идентификува постапувањата, обврските и заложбите кои се неопходни за справување со одредниците на здравјето во глобализираниот свет преку унапредување на здравјето.

---

**Цел**

Со Повелбата од Бангкок се потврдува дека политиките и партнерствата за зајакнување на заедниците, и за подобрување на здравјето и здравствената рамноправност треба да имаат централно место во развојот на глобално и национално ниво.

Повелбата од Бангкок претставува дополнување и надградба над вредностите, принципите и акциските стратегии за унапредување на здравјето, кои се воспоставени со *Повелбата од Отава за унапредување на здравјето* и препораките од последователните глобални конференции за унапредување на здравјето, кои беа потврдени од страна на државите членки преку Светското здравствено собрание.

---

**Целни групи**

Повелбата од Бангкок се однесува на луѓето, групите и организациите кои имаат клучно место за постигнување на здравје, вклучително:

• владите и политичарите на сите нивоа
• граѓанското општество
• приватниот сектор
• меѓународните организации и
• заедницата за јавно здравје.

---

**Унапредување на здравјето**

Обединетите Нации признаваат дека уживањето на највисокиот можен достапен стандард на здравје е едно од основните права на секое човечко суштество без дискриминација.

Унапредувањето на здравјето се заснова на ова клучно човеково право и нуди позитивен и инклузивен концепт за здравјето како одредница за квалитетот на живот и вклучување на менталната и духовната благосостојба.

Унапредувањето на здравјето е процес со кој на луѓето им се овозможува да ја зголемат контролата врз своето здравје и одредниците за здравје, и на тој начин да го подобрат своето здравје. Тоа е клучната функција на јавното здравје и придонесува кон работата за справување со преносливите и непреносливите болести и други закани по здравјето.

---

# Справување со одредниците за здравје

---

**Променет контекст**

Глобалниот контекст за унапредување на здравјето значително се измени од подготовката на *Повелбата од Отава*.

---

**Критични фактори**

Некои критични фактори кои сега влијаат врз здравјето се:

• зголемување на неправичноста во и помеѓу земјите
• нови обрасци на потрошувачка и комуникација
• комерцијализација
• глобални еколошки промени, и
• урбанизација.

---

**Други предизвици**

Други фактори кои влијаат на здравјето вклучуваат рапидни и честопати штетни социјални, економски и демографски промени кои влијаат на работните услови, средината за учење, семејните обрасци, и културата и социјалната структура на заедниците.

Влијанијата врз мажите и жените се различни. Ранливоста на децата и исклученоста на маргинализираните, инвалидни и домородни народи се имаат зголемено.

---

**Нови можности**

Глобализацијата отвара нови можности за соработка за да се подобри здравјето и да се намалат транснационалните здравствени ризици; таквите можности вклучуваат:

• зајакната информатичка и комуникациска технологија, и
• подобрени механизми за глобално управување и споделување на искуства.

---

**Кохерентност на политики**

За управување со предизвиците на глобализацијата, политиката мора да биде кохерентна низ сите:

• нивоа на влада
• тела на Обединети Нации, и
• други организации, вклучително и приватниот сектор.

Таа кохерентност ќе ја зајакне усогласеноста, транспарентноста и отчетноста во однос на меѓународните договори и спогодби кои влијаат на здравјето.

---

**Остварен напредок**

**Напредокот е остварен во однос на поставувањето на здравјето во центарот на развојот, на пример преку Милениумските развојни цели**, тука уште многу останува да се постигне; активното учество на граѓанското општество е клучно за овој процес.

# Стратегии за унапредување на здравјето во глобалниот свет

---

**Ефективни интервенции**

За напредок кон поздрав свет потребно е силно политичко постапување, пошироко учество и одржливо застапување.

Унапредувањето на здравјето има утврден репертоар на докажани ефективни стратегии кои треба целосно да се искористуваат.

---

**Потребни акции**

За да се оствари понатамошен напредок во спроведувањето на овие стратегии, сите сектори и средини мора да постапуваат за:

- да се **застапуваат** за здравје кое се заснова на човекови права и солидарност
- да **инвестираат** во одржливи политики, акции и инфраструктура за справување со одредниците на здравјето
- да се **гради капацитетот** за развој на политики, лидерство, пракса за унапредување на здравјето, пренесување на знаењето и истражувања, и литература за здравје
- да се подготви **регулатива и легислатива** за да се обезбеди висок степен на заштита од штети и да се овозможи еднаква можност за здравје и благосостојба на сите луѓе
- **партнерство и градење на сојузи** со јавноста, приватните, невладините и меѓународните организации и граѓанското општество за да се создадат одржливи активности.

---

## Обврски за Здравје за сите

### Објаснување

Здравствениот сектор има клучна водечка улога во градењето на политики и партнерства за унапредување на здравјето.

Интегрираниот пристап за политики во рамки на владата и меѓународните организации, како и обврзаност за работа со граѓанското општество и приватниот сектор и ширум разни средини, се од суштинско значење доколку се сака да се постигне напредок во работата со детерминантите на здравјето.

### Клучни обврски

Четирите клучни обврски за унапредување на здравјето:

1. имаат централно место во глобалната развојна агенда
2. се клучна одговорност за сите во владата
3. претставуваат клучна фокусираност на заедниците и граѓанското општество
4. услов за добра корпоративна пракса.

### 1. Унапредувањето на здравјето да добие централно место во глобалната развојна агенда

Потребни се силни меѓувладини договори со кои се зголемува безбедноста на здравјето и колективното здравје. Владата и меѓународните тела мора да постапуваат за да се затвори јазот во здравјето помеѓу богатите и сиромашните. Потребни се ефективни глобални механизми за управување со здравјето за справување со сите штетни последици од:

• трговија
• производи
• услуги, и
• маркетиншки стратегии.

Унапредувањето на здравјето мора да стане интегрален дел од домашната и надворешната политика и меѓународните односи, вклучително во ситуации на војна и конфликти.

За тоа се потребни активности со кои се промовира дијалогот и соработката помеѓу националните држави, граѓанското општество и приватниот сектор. Тие заложби може да се надградат на примерот на постоечките договори како што е Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација.

### 2. Унапредувањето на здравјето да стане клучна одговорност на сите од владата

Сите власти на сите нивоа мора да се справат со лошото здравје и нееднаквостите како итно прашање бидејќи здравјето е главна одредница за социоекономскиот и политичкиот развој. Локалните, регионалните и националните власти мора да:

- дадат приоритет на инвестициите во здравството, во и надвор од здравствениот сектор

- обезбедат одржливо финансирање за унапредувањето на здравјето. За да го обезбедат тоа, сите нивоа на владата треба да ги направат експлицитни последиците по здравјето во политиките и законите, со примена на алатки како што е проценка на влијанието врз здравјето фокусирано на правичноста.

---

**3. Унапредувањето на здравјето да стане клучен фокус на заедниците и граѓанското општество**

Заедниците и граѓанското општество честопати имаат водство во иницирањето, оформувањето и спроведувањето на унапредувањето на здравјето. Тие треба да имаат права, ресурси и можности за да им се овозможи нивните придонеси да се зголемат и одржат. Во помалку развиените заедници, поддршката за градење на капацитетите е особено важна.

Добро организираните и зајакнати заедници се високо ефективни во определувањето на нивното здравје, и се способни да ги направат владите и приватниот сектор отчетни за здравствените последици од нивните политики и практики.

Граѓанското општество треба да ја искористи својата моќ на пазарите за да се даде предност на добрата, услугите и уделите на компаниите што претставува пример за корпоративна општествена одговорност.

Проекти кои се засновани во заедницата, групи во граѓанското општество и женски организации ја имаат покажано нивната ефективност во унапредувањето на здравјето, и обезбедуваат модели за пракса за останатите кои може да ги следат.

Асоцијациите на здравствените професионалци можат да дадат посебен придонес.

---

**4. Унапредувањето на здравјето да стане услов за добра корпоративна пракса**

Корпоративниот сектор има директно влијание врз здравјето на луѓето и на одредниците на здравјето преку влијанието на:

- локалната средина
- националната култура
- животната средина, и
- дистрибуцијата на богатство.

Приватниот сектор, како останатите работодавачи и неформалниот сектор, имаат одговорност да обезбедат здравје и безбедност на работното место, и да го унапредуваат здравјето и добросостојбата на вработените, нивните семејства и заедници.

Исто така, приватниот сектор може да придонесе кон олеснување на пошироките глобални влијанија врз здравјето, како оние што се поврзуваат со глобалните еколошки промени преку постапување согласно на локалните национални и меѓународни регулативи и договори со кои се унапредува и штити здравјето. Етички и одговорни деловни практики и фер трговија претставуваат пример за тип на деловна пракса која треба да биде поддржана од потрошувачите и граѓанското општество, и преку владини иницијативи и регулативи.

---

## Глобална заложба за остварување

**Сите за здравје**

За исполнување на овие обврски потребна е подобра примена на проверени стратегии, како и употреба на нови поенти и иновативни реакции.

Партнерства, сојузи, мрежи и соработка даваат возбудливи и исплатливи начини за спојување на луѓето и организациите околу заеднички цели и активности за подобрување на здравјето на популацијата.

Секој сектор – меѓувладин, владин, граѓанско општество и приватен сектор – има посебна улога и одговорност.

**Премостување на јазот за имплементацијата**

Од усвојувањето на *Повелбата од Отава*, потпишани се значителен број на резолуции на национално и глобално ниво во поддршка на унапредувањето на здравјето, но не секогаш тие биле проследени со постапување. Учесниците на оваа конференција во Бангкок ги повикуваат државите-членки на Светската здравствена организација да го премостат јазот во имплементацијата и да се придвижат кон политики и партнерства за постапување.

**Повик за акција**

Учесниците на конференцијата бараат од Светската здравствена организација и нејзините држави членки, во соработка со останатите да распределат ресурси за унапредување на здравјето, да подготват планови за акција и да го следат остварувањето преку соодветни показатели и цели, и да известуваат за напредокот на редовни интервали. Од организациите на Обединетите Нации се бара да да ги истражат придобивките од развојот на Глобален договор за здравје.

**Светско партнерство**

Оваа Повелба од Бангкок ги поттикнува сите чинители да се придружат во светското партнерство за унапредување на здравјето, преку локално и глобално ангажирање и постапување.

**Обврска за подобрување на здравјето**

Ние, учесниците на 6-та глобална конференција за унапредување на здравјето во Банког, Тајланд, се залагаме за унапредување на овие активности и обврски за подобрување на здравјето.

*11 август 2005*

**Белешка:**

Оваа повелба ги содржи сите ставови на една меѓународна група на експерти, учесници на 6-та глобална конференција за унапредување на здравјето, Бангкок, Тајланд, август 2005, и не ги претставува одлуките или наведената политика на Светската здравствена организација.

---